*ОПШТИНА КАРПОШ*
*- Одделение за поддршка и организација на работата на Советот*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Репблика Македонија“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

## ОДЛУКА
**за усвојување на листа на информации од јавен карактер на Општина Карпош**

### Член 1
Со оваа одлука се усвојува Листата на информации од јавен карактер на Општина Карпош.

### Член 2
Се задолжува Секторот за односи со јавноста да ја објави оваа одлука и Листата на информации од јавен карактер на официјалната веб страната на Општина Карпош.
Се задолжува Одделението за стручно-административни и архивски работи да ја објави оваа одлука на огласната табла во Општина Карпош.
Се задолжува Архивата на Општина Карпош, на барање на странката да ја достави Листата на информации од јавен карактер.

### Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 09-573/13**
**Датум:30.01.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;sovet@karpos.gov.mk*

*ОПШТИНА КАРПОШ*
***- Одделение за поддршка и организација на работата на Советот***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 59 став 4 од Статутот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош бр. 1/06, 8/13 и 15/14), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Градоначалникот на Општина Карпош ја предлага следнава

**Листа на информации од јавен карактер на Општина Карпош**

**Сектор за правни работи – Одделение за норматива**

- Одлуки, решенија и други правни акти поврзани со работата на органите на општината од областа на нормативно-правните работи согласно закон и со интерните акти на општината,доколку странката го докаже својот правен интерес.

**Сектор урбанизам**

- Детални урбанистички планови
- Информации на околности дали е поднесено определено барање, кога или од кого, за која катастарска или градежна парцела се однесува, дали барањето е одобрено или одбиено, дали е правосилно, поништено и сл.
- Увид во предмети за оттуѓување на недвижен имот со непосредна спогодба и јавно надавање на лица – странки во постапката, лица со важечко полномошно и лица кои ќе го докажат статусот на заинтересирано лице во постапката, односно лице кое има правен интерес.

**Сектор за поддршка на градоначалникот – одделение за месна самоуправа**

- Статут на општина Карпош
- Правила за работа на Урбаните заедници и Месните заедници
- Програма за активности на општина Карпош во областа на месна самоуправа

**Сектор за јавни набавки**

- Одлуки за јавни набавки
- Записници од јавно отварање на понуди
- Одлуки за избор на најповолен понудувач
- Договори за јавни набавки склучени со најповолни понудувачи

**Сектор за развој на општината**

- Стратешки документи,одлуки,решенија и програми од областа на локален економски развој

**Сектор за дејности од јавен интерес**

- Решенија за еднократна парична помош за Ден на лицата со попреченост
- Решенија за еднократна парична помош за лица/семејства во социјален ризик, лекување, пожар и поплава
- Решенија за еднократна парична помош за новороденче и посвоено дете
- Решенија за стипендии за талентирани ученици
- Решенија за стипендии за талентирани спортисти
- Решенија за првенец на генерација
- Решенија за отпремнина
- Решенија за финансиска подршка на проекти
- Одлуки

**Сектор инспекторат**

- известувања до странки и податоци за број на донесени инспекциски акти,но не и самите акти кои содржат лични податоци

**Сектор за поддршка и ораганизација на работата на советот на општината и архивско – административни работи**
**Одделение за организација и поддршка на работата на советот на општина Карпош**

- Статут на општина Карпош
- Деловник на Советот на општина Карпош
- Прописи кои се однесуваат на надлежноста на општината поврзани со регистарот на прописи објавени во „Службен гласник"
- Одлуки
- Решенија
- Правилници
- Информации
- Заклучоци
- Програми усвоени од Советот на општината, стратегии, мислења, студии и други документи кои се однесуваат на надлежноста на општината
- Податоци за надлежноста утврдени со закон
- Надлежност на советот

*ОПШТИНА КАРПОШ*
***- Одделение за поддршка и организација на работата на Советот***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

- Податоци за членовите на Советот (партиска припадност, е-маил адреса)
- Службен гласник на општина Карпош
- Регистар на објавени прописи донесени од Советот на општина Карпош

Одделение за човечки ресурси
- Правилник за систематизација на работните места во општина Карпош
- Одлука за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Карпош
- Правилници и дриги нормативни акти
- Јавни огласи за вработување
- Интерни огласи за унапредување
- Одлуки за избор на кандидати за вработување
-

**Сектор за екологија и енергетска ефикасност**
- Стратешки документи , одлуки,решенија и програми од областа на животната средина

**Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи**
- Барања
- Известувања
- Договори од јавни набавки
- Програма за уредување на градежно земјиште и комунални работи

**Сектор Финансии**
-Буџетот на Општината
-Завршна сметка
-Квартални извештаји

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

ДН:
-Совет на општина Карпош,
-Архива.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;sovet@karpos.gov.mk*